ССНМ
САМОСТОЕН СИНДИКАТ НА НОВИНАРИ И МЕДИУМСКИ РАБОТНИЦИ

БИЛТЕН бр. 26
април, 2018

# НОВИНАРСТВОТО КАКО ЈАВНО ДОБРО

## УВОДНИК



ТАМАРА ЧАУСИДИС

Бaучот на лажните вести стана глобален проблем. За него говорат политичари, социолози, информатичари, бизнисмени, но се чини најмалку оние чија што професија е суштински загрозена од нив - новинарите. Малициозните и отворени лаги кои се задскриваат зад терминот новинарство и слобода на медиуми денеска се предмет на дебата многу повеќе надвор отколку во рамките на фелата.

Оваа публикација на ССНМ има за цел темата да ја врати „дома“ кај оние кои се јавуваат во двојна улога – и како чинители и како жртви, новинарите и медиумите. Затоа што лажните вести, термин кој што завладеа по доаѓањето на Доналд Трамп во Белата куќа, и минатата година беше прогласен за најчесто употребуван збор, всушност стана алатка во рацете на диктаторите во нивната бробa против – медиумите и новинарите.

Од друга страна трката за кликови и лајкови и настојувањето кој прв ќе ја украде „ексклузивната вест“ од конкуренцијата, во медиумскиот, а особено дигиталниот простор со години се произведуваат варијанти на содржини кои што претендираат да се нарекуваат вести, со што новинарите кои стојат зад нив свесно, а понекогаш и несвесно стануваат соучесници во убивањето на почитта кон професијата.

И додека Европската комисија трага по решение и се советува меѓу другото и со најголемата професионална асоцијација на која и ССНМ и припаѓа, Европската федерација на новинарите чие што мислење ви пренесуваме во овој број, останува фактот дека Македонија по степенот на медиумската писменост е буквално на дното на скалилото, заедно со Турција, според отпорноста на општеството на шпекулации, дезинформации и отворени лаги.

Во отсуство на одржлив медиумски еко-систем, со ниско ниво на медиумска култура и писменост и самите новинари и медиуми наместо решение стануваат дел од проблемот. Во овој број клучниот текст на Стојанка Митревска е всушност сведоштво од „прва рака“ како е тоа можно и со какви проблеми се соочуваат новинарите во обид да го зачуваат интегритетот на сметка на трката по кликови.




# Села е мртов, Ацето ќе ни го урнат, ДИК - овци лажат

Пишува:
СТОЈАНКА МИТРЕСКА

*Умешноста на производителите на лажни вести се цени најмногу по тоа дали незината употребна вредност ќе успее да измами од 50.000 – 100.000 кликови, фрлајќи ја во сенка новинарската вест, онаа објавена со сите нишани и проверки.*

Стр. 2,3,4,5

Проектот *„Писменост за вести и дигитална писменост - Справување со лажните вести“* е финансиран од Европската Унија

ЕУ за ТЕБЕ!

# Села е мртов, Ацето ќе ни го урнат, ДИК - овци лажат

Села е мртов. Го убиле... Ќе објавите ли?, ме прашува колешка од еден македонски портал во самракот на крвавиот и драматичен четврток на 27 април 2017 година..

Нема шанси! Нема да бидам фитиљот, ниту ќе бидам новинарската хиена! Нема потврда од ниту еден извор. Проверуваме. Ќе чекам најмалку три извори да ја официјализираат веста. Порталот на „Фокус“ нема да пропадне без таа вест... Дај боже да е лажна!, тоа и го велам на мојата колешка која како и оние професионални новинари на денот на бруталното насилство во македонското Собрание, останаа на висината на својата новинарска професионалност и ниту во еден момент не ги погазија ниту новинарските, а уште помалку етичките стандарди. А, бевме бомбардирани со многу лажни вести.

Додека чекавме официјализирање на веста за Зијадин Села, излезе и првата крвава снимка на крвнички претепаниот пра-

***Од оваа и сегашна дистанца не сакам ниту да претпоставам каков оган ќе пламнеше во македонскиот парламент и пошироко, ако макар и еден поасолен медиум во Македонија, таа критична вечер на 27 април тргнеше во бесрамен и неодговорен поход на кликови и лажна читаност.***

теник. После некое време стаса и вест која пред да ја објавам ги помина сите филтри на проверка, а која велеше дека здравствената состојба на пратеникот Села е стабилна.

И ако објавеше вест која повеќе од еден час висеше на работ на лагата и вистината. Крвавите снимки и фотографии, влечењето на речиси безживотно тело на тешко повредениот пратеник, во секој момент можеа да напишат лажна вест. За среќа, таа тешка вечер, за момент се самоцензурираа дури и оние самобендисани новинарски пера што како до смрт прегладнети хиени демнат мрши пред комјутерите и од своите копи пејст он-лајн редакции сместени во удобните спални соби произведуваат сериски „вести“. И токму со тие и такви вести означени со назнака „шокантно“, „скандалозно“, „монструозно“ билдаат кликаност и веруваат дека таа нивна лажна читаност ќе ја осигураат со објавите на невистинитите, измислени, непотврдени, згора – здола склепани вести, а кои на македонскиот читател му ги продаваат со лажна декларација како новинарски производ.

***Во трката со мамка за кликови и лајкови и настојувањето кој прв ќе ја украде „ексклузивната вест“ од конкуренцијата, во македонскиот он-лајн простор со години се произведуваат варијанти на вести од кои на читателот може само коса на глава да му се крене.***

Така се газат сите стандарди, критериуми и принципи на етичното, објективно новинарство. Тука само графиконот на Гугл аналитикс е важен кој мора да прикаже сто и кусур илјади кликови дневно, независно од тоа дали читателите ќе бидат засладени со сочна приказна за некаков си политички љубовен триаголник, сексуално вознемирување (ако е на Илинденска 66, уште поарно) или пак со невистинити и непроверени детали за некаков си нов дил во политичкиот брак од интерес на СДСМ и ДУИ.

## „АЦЕТО“ ЌЕ ГО УРИВААТ НА ПЛОШТАДОТ!

Умешноста на производителите на лажни вести се цени најмногу по тоа дали незината употребна вредност ќе успее да измами од 50.000 – 100.000 кликови, фрлајќи ја во сенка новинарската вест, онаа објавена со сите нишани и проверки.

Во ваква ситуација, ни велешаните што се закитија со светска слава во ујдурмата со Доналд Трамп, не можат да ни бидат утеха, дека срамот е нивен, а не и наш – новинарски!





ССНМ
САМОСТОЕН СИНДИКАТ НА НОВИНАРИ И МЕДИУМСКИ РАБОТНИЦИ

ИМПРЕСУМ

Издава:
Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници

Рајко Жинзифов 22,
1000 Скопје

Телефон:
+389 2 2671 201

Електронска пошта:
ssnm.info@gmail.com

Уредник:
Тамара Чаусидис

Превод:
Силвана Стојанова

*Публикацијата е помогната од Европската Унија, како дел од проектот „Писменост за вести и дигитална писменост: Справување со лажните вести“ имплементиран од Македонски институт за медиуми, Институт за комуникациски студии, Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници и Медиа дајверсити институт.*



“Содржината на оваа публикација е целосна одговорност на Синдикатот на новинари и медиумски работници и во никој случај не ги одразува ставовите на Европската Унија”





Проектот *„Писменост за вести и дигитална писменост - Справување со лажните вести“* е финансиран од Европската Унија

ЕУ за ТЕБЕ!



**Од упадот во Собрание на 27 Април фото: Роберт Атанасовски**

Дека тоа е навистина така, ми се потврди пред некој ден:

„Вистина ли е дека ќе го уриваат Ацето на плоштад! Да одиме ли во Скопје на протести", ме прашува една моја запалена роднина од Македонски Брод, завчера кога како чума се прошири лажна вест на социјалните мрежи, која и покрај тоа што за кратко време беше демантирана од официјален извор, поттикна протест пред споменикот „Воинот на коњ" во Скопје.

Ова е само еден од последните примери кој се поклопи со онаа срамна за нас изјава на Марк Цукерберг, дека Македонија е земја со најмногу лажни Фејсбук профили.



**Од поставувањето на споменикот „Воинот на коњ"**

## ЛАЖНАТА ВЕСТ ОД ЕДЕН ЛОКАЛЕН ПОЛИТИЧАР

Како новинар кој повеќе од 25 години се занимава со професионално новинарство, многу пати сум била во ситуација да се срамам од објавениот крш од вести, кој некој го продава како новинарска информација. За жал, во тоа насилно уривање на новинарската вест бев и мета неодамна во два наврати. Првиот се случи за време на парламентарните избори кога на своја кожа почувствував што значи кога ќе проработи политичката пропаганда во намера да улови повеќе гласови, па макар и со класична манипулација и лага.

Иван Кузмановски, претседател на општинската организација на СДСМ во Македонска Каменица со кого претходно воспоставивме соработка без око да му трепне ме насамари со лажна приказна за катастрофални услови во кои учат основци во едно подрачно училиште во Каменица,

***Во ваква тенденција и медумска он-лајн реалност просто е неверојатно колку некој сака лесно да го заработи новинарскиот леб газејќи по туѓи судбини, со лаење по туѓи животи, со конструкции и објава на пара-вести.***

додека градоначалникот од политичкиот ривал ВМРО – ДПМНЕ арчи пари на неважни и споредни проекти. Изјавата на Кузмановски за руинираното училиште дури беше поткрепена со фотографии, што секако, ми претставуваше уште една потврда дека е вистинито, тоа што го зборува изворот кој прифати и да го цитирам со име и презиме. Еден ден, откако беше објавена оваа вест на порталот на „Фокус" реагираше тогашниот градоначалник на Македонска Каменица. Тој, дури и не бараше демант, туку само соопштување на вистината дека, како редакција сме злоупотребени во класична смисла на зборот, односно дека неговиот политички непријател ни дал лажна слика, но и фотографии од училиштето на основците во кое неколку години не се одвивала настава. Учениците учеле во реновирани училници, а фотографиите што ги објави редакцијата тврдејќи дека во катастрофални услови учат деца, биле дел од поранешното училиште кое не се користело за настава. Секако дека




Основачот на Фејсбук - Марк Цукерберг

ја објавивме и страната на градоначалникот, а со посочениот извор засекогаш ги прекинав контактите, иако и после оваа лажна вест што ја протури, настојуваше во текот на кампањата да информира и за други случувања во градот.

Грешката што во случајов беше направена со непроверување на изјавата на изворот која беше документирана и со фотографии, не може да се амнестира. Секогаш, ама буквално секогаш треба да се слушне втората страна, односно сите инволвирани и засегнати страни во приказната. Во таков случај, нема извор, ниту информација што ќе ве прелаже да објавите лажна вест.

## КОГА СЛЕПО МУ ВЕРУВАТЕ НА ГЛАВНИОТ УРЕДНИК....

И во вториот случај, како жртва на лажна вест која беше објавена, се фатив себе си во небрано поради неоправдано неспроведување на новинарските правила на проверка од една страна, и слепо прифаќање на информација од авторитет (главен уредник).

***Случајот со лажниот извор е доволно илустративен за тоа каде и како е направена новинарската грешка, наспроти новинарското правило број еден дека изворите треба да си ги чуваме и негуваме како очите. Во овој случај изворот беше со лажен диоптер, но неговата крајна цел не беше постигната, иако направи злоупотреба на новинарската доверба, но и на граѓаните кои беа во краток рок прелажани за состојбата на училиште во Македонска Каменица.***

Во деновите на притисокот што го предизвика една гранде информација што ја обелодени американскиот амбасадор Џес Бејли, за басословно исплатени надоместоци во Државната изборна комисија (ДИК), редовно објавував вести за овој скандал, како и другите мои колеги. Во сите тие релевантни и проверени информации објавив и изјави од членовите на ДИК предложени од од СДСМ, Игор Милев и Виолета Дума, како и од претседателот Чичаковски дека ги вратиле парите, односно дека Чачаковски ги подарил на „Полио Плус“. Приказната со ДИК тука заврши.

По еден месец, според потврдена информција од свиркач во ДИК, а до мене пренесена од главниот уредник, добив задача да напишам дека никој во ДИК не ги вратил парите, иако ветиле дека ќе ги вратат, а и дека Виолета Дума, ќе бара апанажа.

Насоката од главниот уредник беше дека веста е стопостотно сигурна. Во јавноста имаше информации дека Дума е пензионерка и дека поради тој статус нема право на апанажа. Иако, тоа не беше официјлизирано, сепак таа информација дека бара апанажа ја проверив во Собрание, преку Тодор Пендаров, кој се смета за човек кој ги знае фактите од собраниските процедури. Пендаров негираше дека некој од членовите на ДИК, има доставено барање за апанажа, а дека Дума нема право на такво нешто затоа што била во пензија. Откако ја проверив оваа информација, решив да не ја објавувам, иако после една недела се потврди дека навистина сите поднеле барање за


Проектот „Писменост за вести и дигитална писменост - Справување со лажните вести“
е финансиран од Европската Унија
ЕУ за ТЕБЕ!

апанажа, вклучувајчи ја и Дума. Но, сепак телефонски ја побарав Виолета Дума за да ја потврдам информацијата дали ги вратила парите од ДИК. За среќа, во несреќа, Дума ја добив на телефон и откако и го поставив прашањето, телефонската линија се прекина. По извесно време и по неколку обиди повторно да стапам во контакт со неа, добивав одговор дека претплатникот е недостапен. Помислив дека не сака да одговори на моето прашање и дека намерно е недостапна, незнаејќи дека Дума била на пат, а во меѓувреме се случило нешто што секому може да му се случи – празна батерија. Револтот што ми се јави како новинар дека членовите на ДИК го игнорираат притисокот на јавноста и барањето на граѓаните, ме поткнаа да ја објавам веста, за која главниот уредник тврдеше дека е 100 отсто сигурна, а дека Игор Милев, Виолета Дума, Прекопуца, Силвана Бонева,..... односно сите од ДИК не ги вратиле парите.... Не бев свесна каква грешка правам и каква лажна вест објавувам. Веста по правило и без исклучок веднаш беше украдена од сите можни портали, а споменатите членови на ДИК со име и презиме висеа и во мојот наслов како на столбот на срамот.

Мене јадот и срамот ме изедоа подоцна. Два три часа откако беше објавена мојата лажна вест, судијката Дума стасала до својата дестинација, го наполнила телефонот, ја прочитала лажната вест и следеше громот од ведро небо за мене. Моето непочитување на новинарското правило за проверка на сите инволвирани, ме чинеше многу – добив прекор и многу епитети за некредибилност, непрофесионалност, изгубена доверба, дури и дека намерно сум сакала да им го нарушам угледот на членовите на ДИК.

„Јас не знам кој ве плаќа да објавувате вакви лажни вести и кој е вашиот интерес да ни наштетите – долго ме мачеа овие зборови на Дума, иако не бев проколната во моментот... Но секако сум новинар кој никогаш во животот не направил ништо со лоша, зла и задна намера, без докази и факти, а без ставена на клада од членовите на ДИК дека намерно лажам дека не ги вратиле парите, за да им ја продлабочам голготата во која останаа ем без пари, ем без функција.

На крајот оваа приказна заврши со полусреќен крај – донекаде ја вратив изгубената доверба од диковци, откако трагајќи по информации што сум ги објавила за скандалот, најдов текст објавен еден месец пред да ја објавам лажната вест, со нивни изјави дека ги вратиле парите. Гревот ми беше што сум заборавила на тоа, иако не знаев како можело тоа да се случи и да направам превид дека со ДИК е завршена приказната и дека парите се во буџетот, освен оние на Чичаковски кои претходно беа уплатени на „Полио плус".

После ова, јансата секако остана, иако како медиум им се извинивме и на ДИК и на читателите...

***Овој поединечен случај во кој беа погазени принципите на етичко и објективно информирање може да се амнестира само со фактот дека тоа не беше намерно предизвикан случај или пропаганда со задна намера. И во овој случај, пораката е една – ако има проверка на сите можни засегнати во новинарската сторија, нема да има лажна вест, нарушен углед, изгубена доверба, нешто што треба да го негува секој професионален медиум.***

И само со гласност, отвореност, но пред се со професионалност може да му се спротивставиме на проблемот што и тежи на македонската новинарска фела во битката со пишувачите на лажни вести. Во спротивно, можеби и заслужено ќе си ја носиме етикетата што срамно не пречекува на нашите меѓународни настапи и конференции кога не препознаваат како „граѓани од земјата на лажните вести".



Седница на Државната изборна комисија




**СПОРЕД ИСТРАЖУВАЊЕТО НА ИНСТИТУТОТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО - СОФИЈА**

# Македонија на последното место на индексот за медиумска писменост

Македонските граѓани се најранливи на ширењето на лажни вести, покажа вториот годишен индекс за медиумска писменост изготвен при Иницијативата за европски политики на Институтот отворено општество - Софија. Македонија е рангирана на последното место на листата од 35 земји кои биле оценувани според квалитетот на образованието, слободата на медиуми и јавната доверба. Медиумската писменост Институтот ја мерел во 28-те земји на Европската Унија, како и земјите од Западен Балкан плус Турција.

Македонија се најде на 35. место со вкупно 10 индексни поени, со најслаби резултати во категориите јавна доверба и функционална писменост. Во категоријата јавна доверба Македонија има само 3,7 поени од максимални 10, додека оценката за функционална писменост изнесува 352, далеку од



Проектот *„Писменост за вести и дигитална писменост - Справување со лажните вести“* е финансиран од Европската Унија

ЕУ за ТЕБЕ!

| ИНДЕКС НА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ 2018 | | | |
|---|---|---|---|
| КЛАСТЕР | ДРЖАВА | ПОЕНИ (0-100) | РАНГ |
| 1 | ФИНСКА | 76 | 1 |
| | ДАНСКА | 71 | 2 |
| | ХОЛАНДИЈА | 70 | 3 |
| | ШВЕДСКА | 69 | 4 |
| | ЕСТОНИЈА | 69 | 5 |
| | ИРСКА | 68 | 6 |
| 2 | БЕЛГИЈА | 64 | 7 |
| | ГЕРМАНИЈА | 62 | 8 |
| | ИСЛАНД | 62 | 9 |
| | ВЕЛИКА БРИТАНИЈА | 60 | 10 |
| | СЛОВЕНИЈА | 60 | 11 |
| | АВСТРИЈА | 60 | 12 |
| | ШПАНИЈА | 60 | 13 |
| | ЛУКСЕМБУРГ | 59 | 14 |
| | ПОРТУГАЛИЈА | 59 | 15 |
| | ФРАНЦИЈА | 56 | 16 |
| | ЛЕТОНИЈА | 56 | 17 |
| | ПОЛСКА | 55 | 18 |
| | ЧЕШКА | 55 | 19 |
| | ЛИТВАНИЈА | 55 | 20 |
| 3 | ИТАЛИЈА | 50 | 21 |
| | СЛОВАЧКА | 48 | 22 |
| | МАЛТА | 47 | 23 |
| | ХРВАТСКА | 44 | 24 |
| | КИПАР | 43 | 25 |
| | УНГАРИЈА | 40 | 26 |
| | ГРЦИЈА | 39 | 27 |
| | РОМАНИЈА | 38 | 28 |
| 4 | СРБИЈА | 31 | 29 |
| | БУГАРИЈА | 30 | 30 |
| | ЦРНА ГОРА | 28 | 31 |
| | БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА | 25 | 32 |
| | АЛБАНИЈА | 22 | 33 |
| 5 | ТУРЦИЈА | 16 | 34 |
| | МАКЕДОНИЈА | 10 | 35 |

**Извештајот ги класифицира оценуваните земји во пет групи на држави со слични карактеристики поврзани со медиумската писменост. Во првите две групи на високо рангирани држави влегуваат земји од северна и северо-западна Европа, додека во последните два се земјите од југоисточна Европа, како и средниот кластер со земји кои подоцна се приклучија на ЕУ, плус Италија и Грција.**

максималните 500 поени. Единствено во категоријата слобода на медиуми Македонија е на претпоследното место, пред Турција. Рангирањето во оваа категорија се базира на извештаите на меѓународните организации „Фридом Хаус“ и „Репортери без граници“.

Друштвото на земји со публика која најлесно ја заведуваат лажните вести го сочинуваат земјите од западен Балкан, Турција и Бугарија. Најдобро е рангирана Србија на 29. место, а потоа следуваат Бугарија (30.), Црна Гора (31.), Босна и Херцеговина (32.), Албанија (33.) и Турција (34.).  Турција е единствената земја на листата која има полош резултат од Македонија и тоа во категоријата слобода на медиуми.

На врвот на листата, како земја во која граѓаните се најотпорни на лажните вести е Финска со 76 индексни поени. Според извештајот клучни за ова се „силниот јавен образовен систем“ и „широко распространетите вештини за критичко размислување“. На второто место е Данска, а потоа следат Холандија, Шведска и Естонија – сите со високи резултати во категориите образование, јавна доверба и слобода на медуиуми.

Според Марин Лесенски, автор на извештајот, постојат различни начини за борба против лажните вести и пост-вистината, а како еден од позначајните ја наведува регулацијата. Сепак, тој додава дека образованието е најдоброто решение за лажните вести. Резултатите од Извештајот за медиумска писменост покажале дека квалитетот на образованието и постоењето на повеќе и пообразовани граѓани се претпоставка за полесно справување со негативните факти од лажните вести и пост-вистината. Оттука, истражувањето укажува на врска помеѓу квалитетот на образованието и медиумската слобода, односно дека земјите со поголем број на пообразувани граѓани имаат поголемо ниво на слобода на медиуми и обратно.

ССНМ БИЛТЕН

## ЕФЈ со поддршка за извештајот на Европската Комисија

Иако некои влади усвојуваат рестриктивно законодавство кое може да поттикне цензура (германскиот закон за говор на омраза, најавениот француски закон за лажни вести...), ЕФЈ го поддржа глобалниот мултидимензионален пристап на извештајот кој се темели на пет столба:

1. Да ја зајакне транспарентноста на онлајн вестите, вклучувајќи адекватно споделување на податоци во согласност со почитувањето на приватноста за системите кои овозможуваат нивна циркулација онлајн;
2. Да промовираат медиумска и информациска писменост и да им помогне на корисниците да ја разберат дигиталната медиумска средина;
3. Да развие алатки за оспособување на корисниците и новинарите да се справат со дезинформациите и да негуваат позитивен ангажман кон информатичките технологии кои се во брз подем;
4. Да ја заштитат разновидноста и одржливоста на европскиот медиумски еко-систем и
5. Да промовираат континуирано истражување за влијанието на дезинформациите во Европа за оценка на мерки преземени од различни актери и константно прилагодување на неопходните одговори.

# Со одржлив медиумски систем против ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ



**Од состанокот на експертската група воспоставена од ЕУ**

Заедно со 38 експерти, Европската федерација на новинари (ЕФЈ) учествуваше во експертска група на високо ниво на ЕУ (HLEG) воспоставена од Европската комисија, од јануари 2018 година, со цел да се адресира феноменот на таканаречени „лажни вести“ и дезинформации. Конечниот извештај на групата беше објавен во Брисел од страна на Комесарот на ЕУ за дигитална економија и општество, Марија Габриел. ЕФЈ го поздрави конечниот извештај и покрај сомнежите за одредени предлози.

**Извештајот јасно укажува дека вистинската закана се дезинформациите, а не „лажните вести“. Дезинформациите се дефинираат како „неточни, лажни или наведувачки информации кои се креираат, презентираат и промовираат со намера да предизвикаат јавна штета или профит.“**

**За време на дискусиите на HLEG, ЕФЈ инсистираше на фактот дека новинарите и конвенционалните медиуми можат да сторат повеќе како одговор на дезинформациите, но ни одблиску не се главниот проблем во однос на ова прашање.** Веруваме дека Европската комисија треба да се фокусира на главната одговорност на онлајн платформите (Facebook, Twitter, Google, YouTube...) во дистрибуцијата и монетаризацијата на дезинформациите. Заедно со Европската организацијата за правата на потрошувачите (BEUC), веруваме дека секторска истрага на ниво на ЕУ за „бизнисите водени од социјалните медиуми“ би била корисна алатка за ад-

> ***„Според нас, најважниот исход од извештајот, кој е резултат на компромис помеѓу засегнатите страни, се предложените активности за заштита на разновидноста и одржливоста на европскиот информативен медиумски екосистем“, рече Генералниот секретар на ЕФЈ, Рикардо Гутиерез, член на HLEG. „Јавните власти треба дефинитивно да разберат дека одржливи медиуми и новинарски сектор е најдобрата противмерка за таканаречените „лажни вести“ и дезинформации. Повеќе од кога и да е, треба да промовираме етичко новинарство, истражувачко новинарство и многу поголема транспарентност од оние на власт, вклучувајќи ги и онлајн платформите“.***



Проектот *„Писменост за вести и дигитална писменост - Справување со лажните вести“* е финансиран од Европската Унија

ЕУ за ТЕБЕ!

## ЕВРОПСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА НОВИНАРИ АПЕЛИРА



ресирање на онлајн дезинформирањето кое го негуваат платформите кои рекламираат политики на приход.

ЕФЈ исто така побара поголема јасност во однос на предложената независна „коалиција на засегнати страни“, која има мандат да развие „европски кодекс на практики“ за адресирање на дезинформациите. Заедно со претставник на медиумските работодавци, ЕФЈ успеа да обезбеди новинарските организации да бидат застапени во рамките на оваа „коалиција“; обезбедивме и предложениот „Кодекс на практики“ да не претставува дополнителен товар за новинарите и медиумите кои се веќе подложни на постојани новинарски деонтолошки кодекси, етика и стандарди.

***Извештајот наведува дека „иницијативите насочени кон справување со конкретни проблеми на дезинформирање“ треба да имаат точна цел и да бидат формулирани на начин кој ќе обезбеди тие да не им овозможуваат, случајно или намерно, на јавните или приватните власти да ја ограничуваат слободата на говором.“***

# ЕФЈ бара даночни и други олеснувања за финансирање квалитетно новинарство

ЕФЈ ги повикува медиумските организации, на национално ниво, да размислат за трипартитивни преговори помеѓу владите, организациите на работодавци и работници за подобрување на постојните форми на државна помош на медиумскиот сектор и да дискутираат за ослободување од ДДВ и други видови на даночни олеснувања со цел да се финансираат проекти кои го поддржуваат квалитетното новинарство, програми за обука за новинари и непрофитни новински редакции. ЕФЈ, исто така, особено ги поздравува следниве предлози од извештајот на Европската комисија.

- Потребата да се поддржи соодветно и независно финансирање за одржливост на новинарската професија, вклучително и државна помош за „добро дефинирани активности насочени кон зголемување на долгорочната економска одржливост на плуралистичка медиумска средина„;

- Земјите членки на ЕУ, покрај постојните форми на државна помош (кои треба да продолжат), исто така се поттикнуваат да испитаат други можности, како што се ослободување од ДДВ или други форми на даночни олеснувања со цел финансирање проекти кои поддржуваат квалитетно новинарство, непрофитни медиуми, програми за обуки на новинари (вклучително и дигитални вештини, иновации во новинските медиумски сервиси, прекугранична соработка и размена, итн.);

- Јакнење на новинарите (медиумските компании треба да ги опремат редакциите со професионални алатки за автоматска верификација на вести; тие треба да обезбедат обука за новинарите финансирана од шеми за јавно финансирање, итн.).

- Повикот до медиумите повеќе да инвестираат во иновации и повикот до Европската унија да го зголемат R&I финансирањето насочено кон медиумска иновација (алатки за проверка на факти, вештачка интелигенција, редакции кои користат различни платформи, јазични технологии и податоци за медиумите);

- Напуштање на идејата (првично сугерирана) за секоја мерка насочени кон мерење на квалитетот на уредувачката содржина („индекси на кредибилитет“, итн.) и промовирање на пообјективни критериуми, како што се споменатите „индикатори за транспарентност на изворот“, кои треба да се дефинираат во соработка со Советот за печат и нивната европска организација, Алијансата на независни совети за печат на Европа (AIPCE);

- Фактот дека европскиот „Кодекс на практики“, кој се однесува на медиумските организации, ќе упатува на постојните новинарски кодекси, етика и стандарди за да се гарантира квалитетот на начинот на кој се создаваат вестите, вклучително и насоки издадени од меѓународните организации како што е ИФЈ или националните тела;

- Повикот до земјите членки на ЕУ брзо да ја имплементираат Препораката на Советот на Европа од 2016 година за заштита на новинарството и безбедноста на новинарите.

EFJ FEP FEJ EJF European Federation of Journalists

# Како „лажните вести“ на Трамп им дадоа ново оружје на авторитарните лидери




Откако беше избран за Претседател, Доналд Трамп го популаризираше терминот лажни вести, користејќи го да ги критикува нему неомилените вести во мејнстрим медиумите, медиумските организации, а во една прилика дури и поединец.

Но, откако Претседателот на САД го воведе во јавниот дискурс, овој термин исто така беше позајмен од лидери на држави низ целиот свет – особено оние кои се на врвот на авторитарни режими, пишува Гардијан. Иако Трамп тврдеше дека ја смислил фразата лажни вести, и се фалеше дека тоа е „еден од најдобрите термини на кои сум се сетил“, терминот постоеше и претходно, но се користеше за да се опишат намерно фабрикувани дезинформации, а во некои случаи и комплетно измислени вести.

Со прифаќањето на фразата „лажни вести“за да се опише секоја форма на негативно медиумско известување, Трамп им помогна на држави од Венецуела до Сирија и Мјанмар во нивниот обид да ги објаснат ѕверствата и кршењето на човековите права.

Британскиот весник Гардијан во својата анализа посебно ги одвојува Претседателите на Венецуела, Николас Мадуро, на Сирија Башар ал Асад, како и шпанскиот министер за надворешни работи Алфонсо Дастис.

Венецуела е држава во која власта контролира најголем дел од медиумите, а лидерите на оваа јужно-американска земја постојано се мета на критики поради кршењето на човековите права и слободи.

„Венецуела е изложена на малтретирање од светските медиуми кои ја опкружуваат. Шират лаги, многу лаги. Тоа е она што денеска го нарекуваме лажни вести, зарем не? Ова е ера на пост-вистината“, изјавил Мадуро.



Проектот *„Писменост за вести и дигитална писменост - Справување со лажните вести“* е финансиран од Европската Унија




**Од протестите против полициската бруталност во Каталонија**

Сирискиот Претседател Асад, пак, според Гардијан е одговорен за еден од најтешките случаи на кршење на човекови права во модерната историја. Од долгогодишните воени дејствија дури шест милиони Сирijци беа приморани да ја напуштат државата. Последниот извештај на Амнести Интернешнл покажа дека сириската влада убила 13.000 луѓе во воените затвори во периодот од 2011 до 2015 година. Асад се разбира го оспори овој извештај.

„Денес сешто можете да фалсификувате. Живееме во ера на лажни вести", рече тој.

И кинеската влада која е позната по гушењето на слободата на медиумите, во обидот да ги отфрли наводите на кинеските борци за слобода на говор дела полицијата мачела некои од нивните активисти, го употреби омилениот термин на Трамп.

„Тоа е лажна вест", објави кинеската државна агенција Синхуа во текст на англиски јазик.

Покусо не остана ниту руското министерство за надворешни работи кое на својот сајт има посебен дел за „лажни вести". Во него како „лажни вести" најмногу се пренесуваат текстови од американските телевизи Си-Би-Ес и Си-Ен-Ен, како и од весникот Вашингтон Пост.

Овој тренд зафати и некои демократски земји како членката на Европската Унија, Шпанија. По минатогодишните инциденти во Каталонија кога беа повредени илјадници луѓе при обидот на полицијата да ги спречи да гласаат на референдумот за независност од Шпанија, илјадници фотографии и снимки на кои се гледа како полицијата ги тепа луѓето го обиколија светот. На тоа шпанскиот министер за надворешни работи, Алфонсо Дастис рече:

„Не сакам да кажам дека сите слики се лажни, но некои од нив се, а има и многу лажни вести".

ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЕУРОБАРОМЕТАР

# Триесет и седум проценти од испитаниците секојдневно читаат лажни вести

**Анкетата на Евробарометар беше спроведена преку телефонски интервјуа на почетокот на февруари во сите земји членки на ЕУ. Повеќе од 26.000 граѓани беа интервјуирани за нивната перцепција за лажните вести и нивната доверба во информативните медиумски извори. Првите наоди покажуваат јасна загриженост за ширењето на дезинформации онлајн во Европа.**

**Флеш Евробарометарот за лажни вести и дезинформации на интернет ја мереше перцепцијата и загриженоста на 26.576 европски граѓани во однос на лажните вести. Првите резултати покажуваат дека лажните вести се широко распространети низ ЕУ и 83% од испитаниците изјавиле дека лажните вести претставуваат опасност за демократијата.**

**КЛУЧНИТЕ НАОДИ СЕ СЛЕДНИТЕ:**

**70% 66% 63%**

**Испитаниците најмногу им веруваат на традиционалните медиуми како извор на вести: радио (70%), телевизија (66%) и печатени весници и информативни списанија (63%);**

**37% 71%**

**37% од испитаниците секојдневно или речиси секојдневно се среќаваат со лажни вести и 71% сметаат дека лесно можат да ги препознаат;**

**85% 83%**

**85% од испитаниците ги сметаат лажните вести за проблем во нивната земја и 83% сметаат дека тие се проблем за демократијата општо;**

**45% 39% 36%**

**Според испитаниците, новинарите (45%), националните власти (39%) и менаџментот на печатените и радиодифузните медиуми (36%) треба да ја имаат главната одговорност за сопирање на ширењето на лажните вести.**

**Целосен извештај ќе биде достапен во наредните недели. Во меѓувреме, може да ја погледнете презентацијата на првичните резултати.**

# ПОИНАКВО ГЛЕДИШТЕ НА ФЕНОМЕНОТ НА ЛАЖНИТЕ ВЕСТИ

***Најголемата пречка да се има информиран електорат не се лажните вести, туку медиумите гладни за профит кои бараат кликови и прегледи, пишува професорот Кас Муди за Гардијан***

Откако Брегзит и Трамп го изненадија политичкиот свет, неговите претставници тврдат дека живееме во свет на „пост-вистина, каде на фактите и експертите веќе не им се верува, и информациите се доминирани од „лажните вести“. Тоа е разбирлив, иако егоистичен, механизам за справување на либералите и конзервативците со шокантната загуба на политичка моќ. Тој е исто така површен и самодеструктивен.

Да ги погледнеме доказите.

На прв поглед, последните студии даваат цврста основа за популарното тврдење дека популизмот и лажните вести се тесно поврзани, и се затоа нашироко цитирани во медиумите. Истражувачите на Oxford Internet Institute (OII) открија дека „на Twitter, мрежа на поддржувачи на Трамп споделуваат голем број на лажни вести кои циркулираат повеќе од сите други групи на политичка публика заедно“.



Creative commons



Проектот *„Писменост за вести и дигитална писменост - Справување со лажните вести“* е финансиран од Европската Унија

ЕУ за ТЕБЕ!

# Зошто хистеријата околу „епидемијата на лажни вести“ е одвлекување на вниманието

Најпрво, лажните вести најчесто се консумираат од само еден дел од електоратот, кој претставува само мал дел од популацијата. Всушност, Професор Фил Хауард, директор на Проектот за компјутерска пропаганда во Оксфорд, рече:

> ***„Сето ова има една негативност. Се чини дека само еден дел од политичкиот спектар (крајно десничарскиот ) е навистина мета на екстремистичка, сензационална и заговорничка содржина. На социјалните медиуми, умерените и централно ориентираните не се толку подложни. Второ, влијанието на „лажните вести“ е предмет на дебата и за „крајно десничарската“ група, која самата претставува само еден дел од електоратот на Трамп. Како што открија американските академици во нивната студија, дури и помеѓу про-Трамп корисниците, „лажните вести се само фракција од она што учесниците го консумираат“.***

Со други зборови, повеќето луѓе кои консумираат лажни вести, консумираат и „вистинити“ вести, и тоа во многу поголем обем. А оние кои најмногу консумираат лажни вести, како што објаснува Професорот Брендан Нихан, се најчесто „страствени следбеници“ кои, според децениите на ис-

> ***Како заклучок, огромно мнозинство на луѓе не консумираат лажни вести, а од малцинството кое тоа го прави, голем дел консумираат многу повеќе реални вести. Улогата на лажните вести е да дадат легитимитет и поддршка на закоравените ставови на релативно мала група на страстни екстремно десничарски следбеници.***

Слично, на Facebook, „екстремистичките десничарски страници – различни од републиканските страници – споделуваат голем број и циркулираат најголем обем на лажни вести во споредба со сите други публики“.

Тоа е во согласност со една друга неодамнешна сторија на група американски академици, кои откриле дека „приближно еден од четворица Американци посетиле интернет страница на лажни вести“ во периодот од пет недели додека траела студијата околу претседателските избори во 2016 година. Покрај тоа, тие утврдиле дека „консумирањето лажни вести е концентрирано во рамките на мала група – речиси шест од десет посети на интернет страници на лажни вести потекнуваат од 10% на луѓе со најконзервативни ставови за онлајн информирање“.

Иако овие студии даваат загрижувачка слика за потрошувачката на вестите во САД, тие се многу подетални отколку што би можело да се заклучи од поголем дел од дебатата за „лажни вести“ и „пост - вистина“.



Creative commons

тражување на политичката комуникација, се најневпечатливи. Тие бараат „лажни вести“ затоа што тие ги поткрепуваат нивните цврсти верувања, не затоа што им помагаат да ги создадат.

Тоа треба да нѐ натера повторно да размислиме за актуелните реакции на пренагласената „епидемија на лажни вести“.

**ПРВО,** ограниченото влијание на лажните вести треба да не натера да се подразмислиме за усвојувањето на репресивни мерки во борбата против лажните вести. Социјалните медиумски гиганти како Facebook и Twitter се под силен политички и јавен притисок да се борат против лажните вести, додека во Европа неколку земји предлагаат ново законодавство за целосна забрана на „лажни вести“.

Не е веројатно дека тоа ќе има некаков позитивен ефект, бидејќи најзасегнатата популација, крајно десничарската, “страствените следбеници“, најверојатно ќе ги сфатат овие мерки само како спротивставување на нивните веќе утврдени ставови.

> ***Наместо вестите да се прават поекстравагантни и попривлечни по вкусот на следбеничкото малцинство, медиумите треба да се стремат да бидат попристапни и информативни за неследбеничкото малцинство.***

Покрај тоа, со оглед на нејасноста на изразот “лажни вести“ и колку често излегува дека вистинитите вести се лажни вести, мерките неминовно ќе станат правен кошмар за либералните демократии, но и моќна репресивна алатка за авторитарните режими – кои може да ги усвојат и да тврдат дека и либералните демократии ги имаат.

**ВТОРО,** медиумите треба подобро да си ја работата својата работа за да понудат професионално новинарство на публиката. Со оглед на тоа што огромно мнозинство од електоратот и понатаму добива вести од „конвенционалните медиуми“, тоа значи дека ако тие не се информирани, тогаш вината е во медиумите. Нема смисла да се обвинуваат руските кампањи на дезинформирање, кои стигаат само до мал дел луѓе.

Еден од првите чекори треба да биде да се запре со фетишизирање на пристапот до елитата и сензационалните вести. Особено националните и дописниците од Белата куќа се опседнати со „пристапот“ до “клучните играчи“, пишувајќи статија по статија врз основа на сомнителни, често изолирани извори, кои подоцна се покажува дека биле во најдобар случај пристрасни или во најлош случај погрешни. Слично, некои новински агенции, а особено кабловските мрежи, се чини дека даваат приоритет на делумно погрешни сензационални вести во однос на сосема точни вести кои не се сензација.

Бидејќи денес, најголемата пречка за информиран електорат не се лажните вести, туку сѐ покомерционалните, ориентирани кон профит медиуми кои бараат кликови и публика на сметка на длабинското и теренско известување.



Проектот ***„Писменост за вести и дигитална писменост - Справување со лажните вести“*** е финансиран од Европската Унија

ЕУ за ТЕБЕ!